**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

***ПРЕДЛОГ***
***ЗАКОН ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО***

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2011**

# ПРЕЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Предмет**

Со овој закон се уредуваат основните начелата за работа на Државниот инспекторат за земјоделство (во понатамошен текст: Инспекторат), организационата структура на системот на инспекциски надзор и официјалните контроли во земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органското земјоделско производство и храна произведена од органските земјоделски производи, земјишната политика и води, фитосанитарната политика, хортикултурно и партерно уредување, вино, алкохолни, јаки алкохолни пијалаци и нивни производи, тутун и неговите производи, плодови и производи добиени со собирање од природата и машините кои се користат во земјоделството, анализата на ризик, заштита на правата и интересите на потрошувачите, мониторинг, надлежноста, овластувањата, правата и должностите на инспекторите, правата и должностите на субјектите на надзорот, постапката, процедурите и протоколи на инспекцискиот надзор, водењето на прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочната санкција како и организација на системот на физичка заштита на риболовните води кој не се под концесија.

**Член 2**
**Предмет**

Одредбите на член 1 на овој закон не се применуваат за земјоделски производи од областите од член 1, а кои се однесуваат за домашна употреба или домашно подготовување, ракување или складирање.

**Член 3**
**Организација**

(1) Предмет на инспекциски надзор, предмет на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит дефинирани во член 3 став (1) точка 1) и 2) организација на системот на анализа на ризик на предмет на инспекциски надзор и предмет на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит и заштита на правата и интересите на потрошувачите, мониторинг и мониторинг програми, како и организација на службата за физичка заштита на рибите, риболовните води кои не се дадени под концескија, а во сопственост на Република Македонија ги врши Инспекторатот, како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Државниот инспекторат за земјоделство има својство на правно лице.

(3) Во меѓународниот правен промет, Инспекторатот ќе го користи називот State Agricultural Inspectorate (SAI).

**Член 4**

**Цел на Законот**

Со овој закон се обезбедува високо ниво на организирано и ефикасно вршење:

1) на инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, заштитата на земјоделските и прехранбените производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органското земјоделско производство и храна произведена од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, генетски модифицирани организми и производи кои се добиваат со нивна преработка, производите за заштита на растенијата, ѓубривата, здравје на растенија, семето и садниот материјал, земјишната политика и води, цвеќето, декоративните растенија, хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолните и јаки алкохолни пијалаци и нивните производи, тутунот и неговите производи, репродуктивните животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми и машините кои се користат во земјоделството и други производи согласно овој закон или други прописи од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна и храна за животни на територијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: предмет на инспекциски надзор);
2) на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит на квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна добиена од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производи добиени од генетски модифицирани организми, производи за заштита на растенијата, ѓубривата, здравје на растенија, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолните и јаки алкохолни пијалаци и нивните производи, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми и машини кои се користат во земјоделството и други производи согласно овој закон или други прописи од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна и храна за животни (во понатамошниот текст: предмет на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит);
3) анализа на ризикот кој ги опфаќа проценката, управувањето и комуникацијата на ризикот;
4) заштита на правата и интересите на потрошувачите од производите кои се предмет на инспекциски надзор и предмет на инспекциски надзор при увоз;
5) мониторинг и мониторинг програми и
6) на физичка заштита на рибите, рибниот фонд и риболовните води кои се во сопственост на Република Македонија, а не се дадени на концесија.

**Член 5**

**Значење на изрази употребени во овој закон**

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) „**Инспекциски надзор**“ е надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон во работењето на државните органи и органите во состав на Министерство, јавните претпријатија, трговските друштва, јавни научни и образовни установи, установите, агроберзи, агенции, трговски друштва и правните и физичките лица над кои се врши надзор, како и изрекување на инспекциски мерки и санкции со цел за отстранување на утврдените неправилности;
2) „**Субјект на надзорот**“ се државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, агроберзи, агенции, фондациите и здруженијата на граѓани, правните и физичките лица над кои се врши надзор;
3) „**Прописи**” се закони и подзаконски акти со кои се опфатени сите фази на производство, преработка, складирање, промет, транспорт и дистрибуција;
4) „**Бизнис**“ е секоја активност, профитна или непрофитна, јавна или приватна, која е поврзана со било која фаза од производството, преработката, складирање, промет, транспорт и дистрибуцијата на земјоделски производи,преработки, полупроизводи и нивни составни компоненти, како и опрема, машини, техника и алат кои се користат во земјоделството;
5) „**Оператор**“ е секое физичко или правно лице кое е одговорно да обезбеди исполнување на условите пропишани со прописите за земјоделство и рурален развој, рибарство со аквакултура, храна и фитосанитарна политика во рамките на бизнисот кој е под негова контрола;
6) „**Малопродажба**“ значи манипулација и/или преработување на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, здравје на растенија, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивните животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериумии машини кои се користат во земјоделството нивното складирање, транспортот, продажба или доставување до крајниот потрошувач, која вклучува и дистрибутивни терминали, ресторани и други слични услуги со земјоделски производи и производи добиени со нивна преработка, продавници, супермаркети, дистрибутивни центри и големи трговски центри;
7) „**Ставање во промет**“ е поседување на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми и машини кои се

користат во земјоделството заради продажба, вклучувајки понуда заради продажба, или некоја друга форма на трансфер, со или без наплата, како и продажба, дистрибуција и други форми на трансфер;

8) „**Ризик**“ е функција на веројатност на некое несакано дејство врз луѓето, животните и растенијата и интензитетот на тоа дејство, како последица на опасност;
9) „**Анализа на ризик**“ е процес кој се состои од три меѓусебно поврзани компоненти: проценка на ризикот, управување со ризик и комуникација на ризик;
10) „**Проценка на ризик**“ е научно заснован процес составен од четири чекори: идентификација на опасност, карактеризација на опасност, проценка на изложеност и карактеризација на ризик кај земјоделските производи, со исклучок на примарните земјоделски производи кои се користат како храна;
11) „**Управување со ризик**“ е процес различен од проценка на ризик, кој во консултации со заинтересирани страни се расправа за начела и нивни алтернативи, земајќи ја во предвид проценката на ризик и другите легитимни фактори и доколку е потребно, избор на соодветна опција за превенција и контрола;
12) „**Комуникација на ризик**“ е интерактивна размена на информации и мислења преку процесот на анализа на ризик во однос на опасности и ризици, фактори поврзани со ризик и согледување на ризик, меѓу проценувачите на ризик, управувачите со ризик, потрошувачите, операторите, академската заедница и други заинтересирани страни, вклучувајќи и објаснување на наодите од проценката на ризикот и основите за одлуки за управување со ризик;
13) „**Следливост**“ е процес на следење на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохол, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериумии машини кои се користат во земјоделството, растенија и животни за производство или супстанца наменета да биде или која се очекува да биде составен дел на некој од гореспоменатите производи во сите фази на производство, преработка или дистибуција;
14) „**Фази на производство, преработка и дистрибуција**“ е секоја фаза, вклучувајќи увоз, извоз, транзит, производство, обработка, складирање, транспорт, дистрибуција, продажба или снабдување на крајниот потрошувач;
15) „**Краен потрошувач**“ е финален потрошувач кој нема да го користи производот како дел од бизнис или некоја друга активност од ваков вид;
16) „**Објект**“ е секоја единица на бизнисот;
17) **„Земјоделски производ“** е секој производ добиен со обработка на почвата или друг природен или синтетички медиум, суров или преработен, што се произведува или продава, вклучувајќи ги и примарните земјоделски производи за човечка исхрана (со исклучок на водата, солта и додатоците) или за исхрана на животни;
18) „**Преработување**“ е секоја активност која значително го менува почетниот производ;
19) „**Промет**“ се подразбира малопродажба, увоз, извоз и транзит;
20) **„Зелени пазари“ -** пазаришни капацитети за производи од широка потрошувачка вклучувајќи ги земјоделските производи, организирани во затворен или отворен

продажен простор со тезги како продажни места за производите од член 4 став (1) точка 1).

21) “**Увоз**” е внес и ставање во промет или намера да се стави во промет земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, реподуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми и машини кои се користат во земјоделството во Република Македонија која потекнува од друга земја, како и нивен внес во складови во слободни зони или слободни складови и царински складови;

22) „**Внес**“ е увоз (дефиниран со точка 21 од овој член), како и ставање на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, заштитата на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони, друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериумии машини кои се користат во земјоделството под царинските постапки наведени согласно прописите за царинско работење, како и нивното внесување во слободна зона, или слободен склад;

23) “**Мониторинг**” е вршење на планирани последователни набљудувања или мерења, со цел добивање на преглед на состојбата на усогласеност со прописите за земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, вклучувајќи и примарни земјоделски прпоизводи кои се употребуваат како храна, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаките алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони, друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми и машини кои се користат во земјоделството, земјоделското земјиште и водите;

24) “**Земање примерок за анализа**” е земање на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјодеслки производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот,

јаките алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, сперма, јајце клетки, ембриони, друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми, водата за наводнување и пиење за животните или секоја друга супстанција (вклучувајќи и од околината), поврзана со производството, преработката и дистрибуцијата со цел преку анализа да се потврди усогласноста со прописите од областа на земјоделството, рибарството, фитосанитарната политика и квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна;

25) "**Официјална сертификација**" е постапка со која надлежниот орган обезбедуваат потврда за усогласеност со прописите во пишана, електронска или друга еквивалентна форма;

26) "**Согласност**" е состојба при која сите аспекти на производот, погонот, опремата, пресоналот, програмите и системите одговараат на законските прописи и по потреба на барањата на земјите од кои се увезува.

27) "**Официјално задржување**" е постапка со која надлежниот орган обезбедува задржување на земјоделски производи, преработки и нивни составни компоненти вклучувајќи и примарни земјоделски производи кои се користат како храна, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни согласно зоотехничките критериуми, опрема, машини, техника и алат кои се користат во земјоделството да не се преместува или манипулира додека се чека одлука за нејзина дестинација, која вклучува и складирање од страна на операторите во согласност со упатствата од надлежниот орган;

28) "**Преглед на документи**" е проверка на документација и каде што е применливо документите кои ја придружуваат пратката во согласност со производите од член 4 став (1) точка (2) од овој закон;

29) "**Проверка на идентитет**" е визуелен преглед со кој се обезбедува сертификатите или други документи кои ја придружуваат пратката да се во согласност со означувањето и содржината на пратката;

30) "**Физички преглед**" е проверка на земјоделски производи, преработки и нивни составни компоненти вклучувајќи и примарни земјоделски производи кои се користат како храна, рибите и производите добиени со аквакултурно одгледување, земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, органските земјоделски производи, храна која се добива од органски земјоделски производи, плодови и производи добиени со собирање од природата, производите за заштита на растенијата, ѓубрињата, семето и садниот материјал, цвеќето, декоративните растенија, производите за хортикултурно и партерно уредување, виното, алкохолот, јаки алкохолни пијалаци, тутунот и неговите производи, храна за животни, репродуктивни животни, сперма, јајце клетки, ембриони и друг репродуктивен материјал од животни, опрема, машини, техника и алат кои се користат во земјоделството согласно зоотехничките критериуми и може да вклучи и проверка на средствата за транспорт, пакувањето, означувањето и температурата, земање на примероци за анализа и лабораториско испитување и секој друг преглед неопходен за да се потврди усогласеноста со позитивните прописи;

31) “**Контролен план**” е план изготвен од страна на директорот на Инспекторатот кој содржи општи информации за структурата и организацијата на официјалните контролни системи;
32) „**Официјална контрола**“ е секоја контрола што надлежниот орган ја спроведува за верификување на усогласеноста на прописите;
33) „**Верификација**“ е проверка со испитување и обезбедување на објективни докази дали пропишаните барања се исполнети;
34) **„Аудит“** е системско и независно испитување за да се утврди дали активностите и резултатите од активностите се во согласност со планираните подготовки и дали тие се ефективно имплементирани и се соодветни за постигнување на целите;
35) **„Медијација“** е вонсудска постапка за решавање на спорови врз слободно изразена волја на страните со помош на трето неутрално лице - медијатор, кое нема право да наметне решение на спорот
36) „**Трети земји**“ сите земји освен Република Македонија.
37) **„Добра земјоделска и хигиенска пракса“** (ДЗХП – GAP) национално препорачано, овластено или регистрирано безбедно користење на производи на заштита на растенијата под нормални услови во секоја фаза на производството, складирањето, транспорт, дистрибуција и преработка на земјоделски производи, производи кои се добиваат со нивна преработка и храна за животни. Дефиницијата ги опфаќа и начелата за интегриран систем на контрола на штетници во одредена климатска зона, како и употребата на минимално количество на пестициди и поставување на привремени МРЛ (Maximum Residue Limits) и МРЛ (Minimum Residue Limits) на најниско ниво со кој се овозможува да се постигне саканиот ефект.

**Член 6**

**Постапки**

Во постапката на инспекцискиот надзор се применува Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка, доколку поинаку не е уредено со овој закон или друг пропис од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, фитосанитарната политика и квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

**Член 7**

**Општи цели и начела**

(1) Одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон треба да постигнат една или повеќе од општите цели за висок степен на заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенија, заштита на правата и интересите на потрошувачите, вклучувајќи ја непристрасната пракса при трговија со предметите на инспекцискиот надзор, предметите на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит и заштита на животната средина.

(2) Одребите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон треба да овозможат слободно движење на предметите на инспекцискиот надзор, предметите на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит, произведени или ставени во промет во Република Македонија согласно со општите начела и барања пропишани во прописите.

(3) При изготвувањето или усогласувањето на прописите за инспекциски надзор од областа на земјоделството, руралниот развој, рибраството со аквакултурата, фитосанитарната политика и квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, треба да бидат земени во предвид, постоечките меѓународни стандарди како и оние чие комплетирање и донесување е неминовно.

(4) По исклучок од став (3) на овој член меѓународните стандарди или релевантни делови на тие стандарди нема да се применат кога истите не се ефективни и соодветни за исполнување на легитимните цели на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, кога постои научна оправданост, или кога резултираат со различен степен на заштита од нивото прифатено од страна на Република Македонија и Европската унија.

**Член 8**

**Начело на субсидијарност**

(1) Во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор, доколку со овој или друг пропис, поинаку не е уредено.

(2) Одредени прашања во врска со инспекцискиот надзор може да се уредуваат со посебни закони.

**Член 9**

**Начело на доверливост**

(1) Инспекторатот е должен да ги чува доверливо добиените податоци и информации, кои се достапни при извршување на работите од негова надлежност на начин и под услови утврдени со овој закон и друг пропис.

(2) При постоење на сериозен ризик по животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, директорот на Инспекторатот ги објавува информациите утврдени со инспекцискиот надзор до степен нужен за да се докаже потребата од преземени мерки согласно со закон.

**Член 10**

**Начело на анализа на ризик**

(1) За да се постигне основната цел за висок степен на заштита на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон се засноваат на анализа на ризик, освен во случаите кога истото не е соодветно заради околностите или природата на мерките во однос на здравјето, квалитетот и безбедноста.

(2) Проценката на ризикот се заснова на достапни научни докази и се врши на независен, објективен и транспарентен начин.

(3) Управувањето со ризик ги зема во предвид постулатите од проценката на ризик, а особено, мислењата на Комитет на кодексот за инспекција на увоз и извоз на храна и систем за сертификација - CCFICF, Комитет на кодексот за методи на анализа и земање примероци - CCMAS, Комитет на кодекс за пестицидни остатоци - CCPR, мислењата на националните образовни и научни институции за квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, другите фактори кои што имаат правни надлежности во однос на материјата кој е предмет на разгледување и начелата на претпазливост, со цел да се постигнат општите цели утврдени во член 6 на овој закон.

## Член 11
## Начело на заштита на интересите на потрошувачите

(1) Одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон треба да ги заштитат интересите на потрошувачите и да обезбедат основа за потрошувачите да направат избор, врз основа на информираност за предметите на инспекциски надзор и предметите за инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит.

(2) Цел на начелото за заштита на интересите на потрошувачите е да се спречи:

1) измама во врска со предметите на инспекциски надзор и предметите за инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит и

2) други случаи на злоупотреба кои може да го доведат потрошувачот во заблуда.

# III. ПРОМЕТ

## Член 12
## Внатрешен промет

(1) Производите кои се предмет на инспекциски надзор при внатрешен промет на големо и при малопродажба мора да бидат во согласност со начинот, процедурите, протоколите и постапките на инспекциски надзор пропишани со одредбите и прописите донесени врз основа на овој закон и прописите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на храна и фитосанитарна политика.

(2) Субјектите на инспекцискиот надзор кои ставаат во малопродажба предмети на инспецкиски надзор од член 4 став (1) точка 1) на овој закон мораат на видно место на влезната врата во простоиите во кој се обавува малопродажбата како и на влезните врати од зелените пазари да го истакнат телефонскиот број и официјалната електронската адреса на Инспекторатот.

## Член 13
## Увоз, извоз и транзит

(1) Производите кои се предмет на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит мора да бидат во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и условите утврдени помеѓу Република Македонија и земјата извозник во случај на посебни договори.

(2) Производите кои се предмет на инспекциски надзор, кои се извезуваат од Република Македонија со цел да се ставаат во промет во трети земји, мора да се во согласност со начинот, процедурите, протоколи и постапките на инспекциски надзор утврдени со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, освен ако не е поинаку побарано од страна на надлежните органи на земјата увозник или утврдено со закони, прописи, стандарди, кодови за пракси и други правни и административни постапки кои се во сила во земјата увозник.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, освен предметите на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит, кои се користат во земјоделството се штетни по здравјето на луѓето, животните и растенијата може да се извезуваат или да се врши нивен повторен извоз само доколку надлежните органи на земјата на дестинација се согласни, откако биле детално информирани за причините и условите заради кои засегнатите производи не можат да бидат ставени во промет во Република Македонија.

(4) Во случај кога се применуват одредби од ратификуван меѓународен договор склучен помеѓу Република Македонија и трета земја, производите извезени од Република Македонија во трета земја, мора да бидат во согласност со условите утврдени во договорот.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: Министер) со поблиски прописи ги пропишува условите, постапките кои треба да ги исполнуваат при инспекциски надзор предметите на инспекциски надзор и нивните составни компоненети при внатрешен промет, увоз, извоз и транзит, транспортот, складирањето, начинот и постапката на земањето на мострите, методите кој ке се користат при утврдувањето.

**Член 14**

**Меѓународни стандарди**

(1) Заради примена на меѓународните стандарди кои се предмет на инспекциски надзор, Република Македонија треба преку Инспекторатот да:

1) придонесува за развојот на меѓународните стандарди;

2) го промовира координираното работење со инспекциските стандарди кои се спроведува од страна на меѓународни владини и невладини организации;

3) придонесува за развој на договори за утврдување на еквивалентност на посебни мерки за инспекциски надзор;

4) посветува особено внимание на посебниот развој, финансиските и трговските потреби на земјите во развој, со цел да се осигураат дека меѓународните стандарди не создаваат непотребни пречки за извоз од земјите во развој и

5) ја промовира конзистентноста помеѓу меѓународните стандарди и овој закон обезбедувајќи висок степен на заштита.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 15**

**Надлежни органи**

(1) Инспекторатот работите од својата надлежност ги извршува преку:

1) државен инспектор за земјоделство и државен фитосанитарен инспектор (во натамошниот текст: инспектор);
2) рибочувари на државни риболовни води (во натамошниот текст: рибочувари) и
3) стручната служба во Инспекторатот.

**Член 16**

**Раководење со Инспекторатот**

(1) Со Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Мандатот на директорот трае четири години, со можност за повторен избор.

(3) Директорот на Инспекторатот треба да има завршено најмалку VII/1 степен или стекнати 300 кредити според ЕКТС со најмалку 5 години работно искуство во струката.

**Член 17**

**Надлежности и одговорност на директор**

(1) Директорот на Инспекторатот во рамките на своите надлежности е одговорен за стручно и ефикасно работење на Инспекторатот и координацијата на меѓусекторските активности.

(2) Директорот на Инспекторатот ги врши следниве работи:

1) раководи со работата на Инспекторатот;
2) се грижи за законито, стручно и ефикасно извршување на работите од надлежноста на Инспекторатот;
3) ги донесува актите за организација на работат и систематизација на работите места и задачи на Инспекторатот;
4) донесува годишен план за работа на Инспекторатот најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година;
5) поднесува годишен извештај за реализација на годишниот план најдоцна до 15 март во тековната година за предходната година;
6) предлага годишна мониторинг програма најдоцна до 15 декември во тековната година, за нардната година;
7) предлага годишната програма за специјализирана обука во областа на инспекцискиот надзор;
8) го застапува и претставува инспекторатот во инспекторскиот совет и Советот за надзор на пазарот;
9) кога во работата на инспекторите постои судир на интереси со нивната службена должност, директорот има право да го изземе инспекторот од решавање на тој предмет и да го даде за решавање на друг инспектор;
10) донесува други акти во врска со работата и работењето на инспекцијата (процедури, протоколи, прирачници, планови, упатства, решенија, наредби, укази итн.);
11) се грижи за стручно оспособување и усовршување на вработените со организирање на стручни и соодветни обуки во земјата и во странство, заради единствена примена на законите и поблиските прописи, како и подобрување на работните услови на инспекторите;
12) Носи годишната програма за специјализирана обука во областа на инспекцискиот надзор по предлог на генералните инспектори, најдоцна до 31 декември во тековната година, а за наредната година.
13) одлучува за вработување, распоредување и за правата и должностите на вработените, согласно прописите;
14) донесува годишен финансиски извештај за работата на Инспекторатот;
15) се грижи за независноста и ефикасноста на внатрешната ревизија;
16) решава во управна постапка во прв степен;
17) обезбедува спроведување на активностите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна;
18) врши активности на соработка со национални и странските организации и институции, за работи од негова надлежност;
19) донесува решенија за безбедносни мерки за малопродажба, увоз, извоз и транзит на производи кои се предмет на инспекциски надзор;
20) донесува решенија за спроведување на контрола на болести и штетници кај растенијата и примена на заштитни мерки;
21) склучува договори со физички и правни лица во рамките на своите надлежности;

22) издава и укинува согласност на физички и правни лица во рамките на своите надлежности;
23) ги координира, надгледува и следи активностите од областа на инспекцијата, мониторингот и надзорот од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика и квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна;
24) обезбедува подготовка на планови за итни мерки, програми, буџет и други активности во рамките на неговите надлежности, ги поднесува преку министерот за одобрување до Владата на Република Македонија и обезбедува нивно спроведување;
25) дава насоки за приоритети во истражувањата во областа на контролата, надзорот и мониторингот во областа на земјоделството со руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, имајќи ги предвид националните потреби;
26) раководи со персоналот и годишниот буџет на Инспекторатот;
27) врши други работи во врска со работата на Инспекторатот.

**Член 18**
**Инспектори**

(1) Инспекторатот контролата ја извршува преку инспектори.

(2) Инспектор може да биде лице кое ги исполнува општите услови предвидени со Законот за државните службеници, да има висока стручна подготовка од областа на земјоделските науки и храна, како и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работни места во инспекциска служба.

(3) За потребите на извршување на инспекциски надзор од областа на здравје на растенија, инспектор во Инспекторатот може да биде и да има стручна подготовка од областа на шумарските науки.

(4) Инспекторот е должен да положи стручен испит за инспектор во рок од една година, но не пред истекот на шест месеци од денот на заснований на работниот однос.

(5) Доколку инспекторот не го положи испитот од ставот (4) на овој член во рок од три месеци од денот на полагањето на испитот има право на повторно полагање на истиот.

(6) На инспекторот кој при повторното полагање нема да го положи испитот од ставот (4) на овој член, работниот однос му престанува.

(7) Инспекторот има право и должност стручно да се оспособува за извршување на своите работи и работни задачи во согласност со годишната програма за специјализирана обука во областа на инспекцискиот надзор.

(8) Инспекторот има право и обврка да врши контрола на предметите на инспекциски надзор и предметите на инспекциски надзор од увоз, извоз и транзит.

(9) Во согласност со закон, заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот да го покани и спроведе едукација во случаите определени со овој или друг закон или пропис;

(10) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот може да носи работна облека, опрема за работа и опрема за заштита при работа.

### Член 19
### Рибочувари

(1) Инспекторатот организира организациона единица за рибочуварска служба за заштита на државните риболовни води кој не се дадени под концесија.

(2) Рибочуварите немаат статус на државен службеник.

(3) Рибочуварите на државните риболовни води мора да ги исполнуваат условите за рибочувари согласно Законот за рибарство и аквакултура и имаат IV степен ССС профил земјоделски или ветеринарен техничар.

(4) Рибочуварите при обавувањето на својата работа можат да носат работна облека, опрема за работа и опрема за заштита при работа.

(5) За констатираната состојба, рибочуварот составува записник, доколку има одземени предмети издава потврда за привремено одземени предмети, а целокупната документација и одземените предмети заедно со пријавата ги доставува до надлежниот инспектор.

(6) Формата и содржината на записникот, потврдата за привремено одземени предмети и пријавата како и постапката за вршењето на рибочуварската служба ја пропишува министерот.

## V. ПОСТАПКА НА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 20
### Соработка

(1) Инспекторотот при вршењето на инспекцискиот надзор има право од орган на државната управа или правно лице кое води регистар да побара податок, како и асистенција од орган на државната управа заради спроведување на инспекцискиот надзор.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да соработуваат со инспекторот.

(3) Лице кое не е субјект на надзор во постапката на вршење на инспекциски надзор, а е затекнато на местото на надзорот е одлжно да обезбеди вршење на инспекциска проверка.

### Член 21
### Решение

(1) Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор кај субјект на надзорот, утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој треба да се отстрани недостатокот.

(2) Ако со закон е предвидено дека за утврдената неправилност може да се определи инспекциска мерка, инспекторот е должен со решението да ја определи таа мерка.

(3) Со заклучок се решава за прашањата на постапката што ќе се појават во текот на инспекцискиот надзор.

(4) Писмен заклучок се донесува само во случаите кога на заклучокот е дозволена жалба.

(5) Заклучокот од ставот (3) на овој член не се донесува ако субјектот на надзорот се откаже од правото на жалба на записник.

(6) Инспекторот врз основа на фактите утврдени со надзорот, решението од ставовите (1) и (2) на овој член ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот, ако со закон не е определен пократок рок.

(7) По исклучок од ставот (1) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциски мерки со усно решение на записник, кога ќе оцени дека тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, имотот од поголема вредност или кога е во прашање заштита на друг вид на јавен интерес.

(8) Во случајот од ставот (7) на овој член инспекторот е должен во рок од три дена од денот на изрекување на усното решение да донесе писмено решение.

(9) Субјектот на надзорот од ставот (1) на овој член е должен да ги отстрани неправилностите утврдени со решението во определен рок.

(10) Решението од ставот (1) на овој член има сила на извршна исправа.

(11) Субјектот на надзорот е должен да постапи по барањето, односно наредбата на инспекторот.

(12) Субјектот на надзорот е должен писмено да го извести инспекторот за отстранетите неправилности, наредени со решение.

(13) Инспекторот може да донесе и решение со кое ќе забрани вршење на дејност и да преземе мерки за запечатување на објект, опрема или просторија во која се врши дејноста, како последна мерка по утврдување дека нема други мерки, за заштита на животот, здравјето на луѓето, животните и растенијата од сериозен ризик и од обезбедување на докази.

(14) Запечатувањето се врши со жиг на инспекторот и лента со натпис **“ЗАТВОРЕНО ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО“**.

(15) Жигот и лентата ќе бидат отстранети од страна на инспекторот, без одлагање, по завршување на инспекцискиот надзор, откако сите ризици се отстранети и доказите се обезбедени.

(16) Во случај кога е потребно инспекторот може да врши пломбирање на предмети, средства, производи, растенија со оловни пломби кои се запечатуваат со клешти за пломбирање кои имаат број.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, субјектот на надзорот е должен да овозможи пломбирање на објектот, опремата или просторијата.

(18) Пломбите од ставот (16) на овој член можат да бидат отстранети, сменети или уништени само од страна на инспекторот.

(19) При контролата, доколку е потребно, инспекторот користи стоп таблица, а субјектот на надзорот е должен да го сопре возилото.

(20) Формата, содржината и начинот на употреба на стоп таблицата ја пропишува министерот.

(21) Формата, содржината на жигот и лентата ги пропишува министерот.

**Член 22**

**Правно средство**

(1) Против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со закон не е предвиден пократок рок.

(2) По жалба против решението на инспекторот во Инспекторат одлучува посебна комисија при Министерството составена од три члена кои ги именува министерот на предлог на директорот.

(3) Членовите на комисијата се од редот на вработените на Министерството, а претседателот на комисијата е правник со минимум три години работно искуство во струката.

(4) Комисиите од став (2) на овој член одлуката по жалба ќе ја донесат во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

(5) Жалбата по решението на инспекторот не го одлага извршувањето на истото.

**Член 23**

**Објавување на инспекциски акти**

(1) Инспекторатот ги објавуваат инспекциските акти на web страна во рок од три работни дена од денот на донесувањето на актите од членот 21 на овој закон, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

**Член 24**

**Службена легитимација**

(1) Инспекторот има службена легитимација со која го докажува своето својство, идентитет и овластувања.

(2) Формата и содржината на обрасците на легитимацијата, изгледот на знакот, ги пропишува министерот на предлог на директорот.

**Член 25**

**Службен печат**

(1) При извршување на инспекцискиот надзор, секој инспектор користи службен печат со број, соодветен на бројот на неговата легитимација од овој закон.

(2) Формата и содржината на печатот, како и начинот на издавање и одземање на печатот од ставот (1) на овој член, ја пропишува министерот на предлог на директорот.

## VI. НАДЛЕЖНОСТ НА ИНСПЕКТОРАТОТ

**Член 26**

**Надлежност на инспекторатот**

(1) Инспекторатот има надлежност да врши инспекциски надзор над примената на законите од областите од член 3 став (1) точки 1) и 2) од овој закон.

(2) Инспекторатот ќе споведува постапки, процедури и протоколи согласно условите пропишани во стандардот ISO/IEC 17020:2004 како и ќе споведува постапки, процедури и протоколи во согласност со општите критериуми на Европските стандарди *ЕН 45004* за работа на на тела кои вршат инспекција, ЕН 45011 општ критериум за сертификациони тела кои работат на сертификација на производ и/или други стандарди кои се однесуваат на доделените задачи, доколку се поважни;

(3) Инспекторатот покрај одредбите од член 3 од овој закон има надлежност да врши инспекциски надзор и на:

1) пасишта, земјоделски посеви и насади;
2) системите за наводнување, одводнување и нитрификација на вода;
3) производство и промет на афион;
4) контрола на земјоделска и шумска механизација и транспортни средства;

5) радионуклиди во земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка, растенија и семенски и саден материјал;

6) субјекти на инспекциски надзор за добивање на финансиска поддршка во земјоделството;

7) субјектите на инспекциски надзор за спроведување на агроеколошките мерки

8) настанати полски штети;

9) опремата и простории каде што се врши преработка и доработка на земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка;

10) процесите на преработка и доработка во сите фази на производство, се до финалниот производ;

11) спроведување на препораките за добра земјоделска и хигиенска пракса;

12) мерки при заштита при работа во земјоделството

13) просториите за чување и одржување на земјоделските производи;

14) деловни простории, книги, исправи, материјали во електронска форма, документација која се води и чува во електронски медии, а на барање да се изработат во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма, службени регистри и други јавни бази на податоци и друга документација преку која се остварува увид во извршувањето на законите и поблиските прописи;

15) на земјоделските производи, нивни полупроизводи, полупроизводи, преработки и нивни составни компоненти кои се субјект на промет на зелените пазари во Реублика Македонија

**Член 27**

**Односи со други земји**

(1) Ако Инспекторатот добие информации од друга земја, која укажува на неусогласеност и/или ризик по здравјето на луѓето, животните и растенијата ги препраќа информациите до надлежните органи на други трети земји, доколку смета дека се од нивен интерес или доколку тие тоа го побараат.

(2) Ако третата земја побарала поддршка од правно лице да собере докази за неправилностите на трансакциите, кои се, или најверојатно се во спротивност со релевантните законски акти, информациите кои се добиени во согласност со закон можат да се достават до таа трета земја, со согласност на надлежниот орган кој ги добил информациите, во согласност со позитивните закони на трети земји за доставување лични податоци.

**Член 28**

**Координиран инспекциски надзор од повеќе инспекциски служби**

(1) Инспекцискиот надзор може да се врши истовремено од страна на повеќе инспекциски служби.

(2) Заеднички инспекциски надзор се врши задолжително ако тоа е неопходно:

1) за отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето, животните и растенијата или имотот од поголема вредност;

2) за преземање на итни мерки кои не трпат одлагање;

3)заради сложеноста на надзорот или значењето за отстранување на недостатоците;

4)за контрола на објекти од посебно значење за туризмот, трговијата, угостителството, сообраќајот и друго, заради земање на примерок од стока и други предмети чија контрола е во надлежност на повеќе инспекции;

5) ако се оцени за надзорот на тој начин да може да се изврши побрзо и со помалку трошоци и губење на време на субјектот на надзорот и инспекторите;

6)за разгледување на наводи во иницијатива или поплака, а тоа е во надлежност на два или повеќе органи на државната управата и

7) во други случаи утврдени со закон.

**Член 29**

**Соработка на инспекциските служби во вршење на заеднички надзор**

(1) Заради вршење на заеднички надзор инспекциските служби се должни особено да:

1) ги усогласат програмите и плановите за работа и да го планираат заедничкото вршење на надзорот;

2) разменуваат искуства и да ги усогласуваат ставовите за начинот и методите на работа и други прашања;

3) одржуваат заеднички состаноци, консултации, советувања и други облици на меѓусебна соработка и

4) ги известуваат другите државни органи за спроведувањето на прописите од нивната надлежност за кои ќе дознаат во вршењето на надзорот.

**Член 30**

**Инспекциски надзор при увоз**

(1) Инспекторатот врши редовен инспекциски надзор на предметите при увоз утвреди во член 3, став (1) точка (2) од овој закон во согласност со овој закон, законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна и фитосанитарната политика.

(2) Инспекцискиот надзор од став (1) на овој член се дел од повеќегодишната програма за мониторинг, изготвени во согласност со членовите 43, 44 и 45 од овој закон земајќи ги во предвид потенцијалните ризици.

(3) Инспекцискиот надзор од став (1) на овој член се врши на инспекциско место на граничен премин за влез на производите, местото на ставање во промет, складиштата, транспортните средства, просториите за увоз на операторот или други места од ланецот на малопродажба.

(4) Инспекциски надзор од став (1) на овој член, исто така, може да се врши на производи, кои:

1) се ставени под една од царинските постапки согласно прописите од областа на царинско работење или

2) треба да влезат во технолошко индустриски развојни зони и слободните складишта согласно прописите од обласата на царинско работење.

(5) Задоволителните резултати од инспекцискиот надзор од став (3) на овој член не влијаат врз обврската на операторите да обезбедат усогласеност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и прописите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна и фитосанитарната политика, од моментот на ставање во промет, ниту да ги спречат понатамошните инспекциски надзори.

(6) Инспекторатот изготвува и ажурира листа на производи, нивни полупроизводи, полупроизводи, преработки и нивни составни компоненти, исклучувајќи ги примарните

земјоделски производи кои се користат како храна, врз основа на познат ризик или ризик кој се појавува, а кој треба да е предмет на зголемен интензитет на инспекциски надзор на гранично инспекциско место на влез на територијата на Република Македонија, во согласност со постапката наведена во од став (7) од овој член.

(7) Министерот ја утврдува листата на производите од став (6) на овој член, како и интензитетот и начинот на вршење на инспекцискиот надзор, која се објавува на web страната на Министерството или на web страната на Инспекторатот.

(8) За спроведување на контролите од став (6) на овој член операторите плаќаат надоместок во висина на вистински направените трошоци за нивно спроведување.

(9) Висината на надоместокот за спроведување на контролата од став (7) од овој член ја пропишува министерот на предлог на директорот.

**Член 31**
**Видови контроли при увоз**

(1) Предметите на инспекцискиот надзор од член 3 став (1) точка (2) на овој закон вклучуваат најмалку систематска проверка на документацијата, проверка на идентитетот по случаен избор и физички преглед каде е применливо.

(2) Физичките прегледи се вршат според интензитет кој зависи од:

1) листата од член 30 став (6)

2) ризиците поврзани со различни видови производи, полупроизводи, преработки и нивни составни компоненти;

3) историјата на усогласеност со барањата за соодветниот производ од третата земја и објектот на потекло како и на операторите кои го увезуваат и извезуваат производот;

4) контролите кои ги спроведува операторот и

5) гаранциите кои ги дал надлежниот орган на третата земја на потекло.

(3) Физичките прегледи се вршат според соодветни услови и на место до кое има пристап до соодветните капацитети за контрола, со што се овозможува правилно спроведување на испитувањата, земање на одреден број примероци прилагодени на управувањето со ризици и контрола на производите, полупроизводите, преработките и нивни составни компоненти. Примероците мора да се контролираат на начин да се гарантира нивната правна и аналитичка вредност. Опремата и методологијата за спроведување на физички преглед треба да се соодветни за мерењето на граничните вредности на параметери за кој се врши контрола.

**Член 32**
**Место за влез и претходно известување**

За организирање на инспекцискиот надзор наведен во член 3 став (1) точка (2) од овој закон, Инспекторатот бара од операторите кои се одговорни за пратките претходно да доставaт известување за пристигнувањето и природата на пратките во рок не пократок од 48 часа од пристигнувањето на пратката.

**Член 33**

**Постапка во случај на сомневање**

(1) Во случај на сомневање за неусогласеност на идентитетот, актуелната дестинација на пратката или во поглед на усогласеноста меѓу пратката и податоците во влезниот документ,

Инспекторатот спроведува инспекциски надзор со цел да го потврди или елиминира сомневањето.

(2) Инспекторатот ја задржува пратката под официјален надзор се додека не ги добие резултатите од анализите.

**Член 34**

**Активности по инспекцискиот назор при увоз**

(1) Инспекторатот ги задржува под официјален надзор предметите на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит кои не се во согласност со прописите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна и фитосанитарна политика и во договор со операторот кој е одговорен за пратката ги презема следниве мерки:

1) доколку предметите на инспекциски надзор при увоз веќе биле ставени во промет или се под мониторинг, може да нареди нивно повлекување пред превземање на мерките од точката 2) на овој став;

2) доколку не се почитуваат одредбите од точка 1) на овој став, се наредува уништување на таквите предметите на инспекциски надзор при увоз, со посебен третман во согласност со ставовите (5) и (6) на овој член или ја препратува надвор од Република Македонија во согласност со член 35 од овој закон или применува други соодветни мерки, како што е употреба на предметите на инспекциски надзор при увоз за цели поинакви од оние за кои првобитно биле наменети;

3) верификува дека предметите на инспекциски надзор при увоз не предизвикуваат неповолни ефекти врз здравјето на луѓето, животните или растенијата, било директно или преку животната средина, за време на, или до имплементацијата на некоја од мерките од точките 1) и 2) на овој став.

(2) Ако при вршење на инспекцискиот надзор согласно член 30 на овој закон се утврди дека пратката е штетна за здравјето на луѓето, животните или растенијата, или не одговара согласно позитивните законски прописи во Република Македонија, Инспекторатот ќе ја стави пратката под официјален надзор се додека не се уништи или се спроведе некоја друга соодветна неопходна мерка.

(3) Ако предметите на инспекциски надзор при увоз за кои е предвидено повисоко ниво на инспекциски надзор согласно член 30 став (6) на овој закон не е презентирана за инспекциски надзор, или не е презентирана согласно одредбите од член 32 на овој закон, Инспекторатот веднаш ќе нареди повлекување и ставање под официјален надзор и или ќе ја уништи или препрати согласно член 35 на овој закон.

(4) Против решението за преземање на мерките од ставовите (1), (2) и (3) на овој член операторите имаат право на жалба до Министер.

(5) Кога нема да се дозволи влез на предметите на инспекциски надзор при увоз, Инспекторатот ги известува заинтересираните страни за неговите наоди и за идентификација на производите и го доставува решението на царинската служба заедно со информацијата која се однесува на крајната одлука за пратката.

(6) Постапката од ставот (1) точка 2) на овој член може да вклучи:

1) третман или обработка која ќе ги доведе предметите на инспекциски надзор при увоз во согласност со барањата на националните прописи или со барањата од земјата на препраќање, вклучувајќи каде што е можно и деконтаминација, но исклучувајќи го разредувањето и

2) преработка на начин со кој се овозможува употреба на предметите на инспекциски надзор при увоз за цели други од оние за кои е наменета.

(7) Инспекторатот обезбедува посебниот третман да се одвива во објекти под негова контрола и во согласност со условите кои се пропишани во националните прописи.

**Член 35**
**Препраќање на пратките**

(1) Инспекторат ќе дозволи препраќање на пратките, ако:

1) дестинацијата е договорена со операторот кој е одговорен за пратката;

2) операторот прво го извести надлежниот орган на земјата на потекло или земјата на дестинација доколку е различна, за причините и состојбите кои го спречуваат ставањето во промет на предметите на инспекциски надзор при увоз во Република Македонија и

3) кога земјата на дестинација не е земја на потекло, земјата на дестинација го известува Инспекторатот за нејзината подготвеност да ја прифати пратката.

(2) Препраќањето треба да се изврши во рок од 60 дена од денот на кој Инспекторатот одлучил за дестинацијата на пратката, освен во случај кога е поведена постапка пред Инспекторатот. Доколку по истекот на предвидениот рок од 60 дена пратката не се препрати, истата ќе биде уништена, освен во случај кога задоцнувањето е оправдано.

(3) Инспекторатот ги задржува пратките под официјален надзор до моментот на препраќање на пратките или до потврда на причините за одбивање на приемот.

(4) Инспекторатот ги известува заинтересираните страни како и царинската служба и ги презема сите неопходни мерки да ваквиот предмет на инспекциски надзор при увоз нема повторен влез на предметот кој бил одбиен во Република Македонија.

**Член 36**
**Анализа на ризик и заштита на потрошувачи**

(1) Врз основа на овој закон и прописите донесени на овој закон, во Инспекторатот, се формира организациона единица за анализа на ризик која ги определува прифатливите нивоа на ризик преку:

1) Идентификација на опасноста
2) Одредување на опасноста
3) Проценка на изложеност
4) Одредување на ризикот

односно, квантитативна и квалитативна проценка, вклучувајќи ги присутните несигурности и веројатноста на појава од потенцијални штетни ефекти.

(2) За заштита на правата и интересите на потрошувачите, се формира организациона единица за следење, координирање и соработка на потрошувачите и организаците за заштита на правата и интересите на потрошувачите кои се предметот на инспекциски надзор.

(3) Субјектот на надзорот е должен на потрошувачот да му даде точни и корисни информации во врска со квалитетот, карактерисиките, својствата или услугата како и други информации побарани од потрошувачот содржани во декларацијата како и да го извести потрошувачот за влијанието на одредени производи врз животната средина здравјето на луѓето, животните и растенијата како и мерките за заштита преку упатството дадено со производот или на друг соодветен начин

(4) Инспекторатот е должен да поведе постапка за заштита на интересите и правата на потрошувачите доколку утврди измама во врска со предметите на инспекциски надзор и

предметите за инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит и други случаи на злоупотреба кои може да го доведат потрошувачот во заблуда.

**Член 37**

**Одобрение за предизвозни проверки од страна на трети земји**

(1) Инспекторатот може да одобри посебни предизвозни проверки кои ги спроведува трета земја извозничка непосредно пред извоз во Република Македонија, со цел да се утврди дека производите наменети за извоз ги исполнуваат одредбите на овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон како и законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарна политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна.

(2) Одобрување од став (1) на овој член може да се даде за еден или повеќе производи кои потекнуваат од трета земја извозник.

(3) Доколку Инспекторатот даде одобрение согласно став (1) на овој член, може да се намали зачестеноста на инспекциските надзори при увоз. Инспекторатот може да врши инспекциски надзор на предметите на инспекциски надзор при увоз во согласност со одобрението наведено во став (1) на овој член, со цел да се обезбеди предизвозните проверки извршени во третата земја се ефикасни.

(4) Одобрението од став (1) на овој член може да се даде на трета земја, само доколку:

1) увидот направен од страна на Инспекторатот покаже дека предметите на инспекциски надзор при увоз, увезени во Република Македонија ги исполнуваат одредбите од овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, пропсите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, фитосанитарната политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна или еквивалентни барања;

2) контролите извршени во третата земја пред испораката се сметаат доволно ефикасни и ефектни за да се заменат или намалат проверките на документацијата и идентитетот и физичките прегледи утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(5) Во одобрението од став (1) на овој член се прецизира надлежниот орган на третата земја под чија одговорност е спроведувањето на предизвозните проверки, а доколку е соодветно, сите тела за контрола на кои надлежен орган на трета земја може да им делегира одредени задачи. Ова делегирање може да се одобри само доколку се исполнети критериумите од член 68 на овој закон, или еквивалентни услови.

(6) Надлежниот орган на трета земја и сите тела за контрола прецизирани во одобрението се одговорни за комуникација со Инспекторатот.

(7) Надлежниот орган или телото за контрола на третата земја обезбедува сетификат за секоја пратка проверена пред нејзиното влегување на територијата на Република Македонија. Во одобрението наведено во став (1) на овој член се прецизира моделот на овие потврди.

(8) Доколку со инспекцискиот надзор за увоз, кои се предмет на постапката од став (3) од овој член, се открие неусогласеност, Инспекторатот ја зголемува зачестеноста на проверки на пратките, а каде е неопходно, дозволува соодветно аналитичко испитување на состојбата и чува соодветен број примероци под соодветни услови на чување.

(9) Доколку се утврди дека во поголем број пратки производите не одговараат со информациите во сертификатот издадени од страна на надлежниот орган или телото за контрола на третата земја, намалениот интензитет на инспекциски надзор од став (3) на овој член повеќе нема да се применува.

(10) Начинот за одобрување на предизвозни и предувозни проверки го пропишува министерот на предлог на директорот.

**Член 38**

**Соработка со Царинска Управа**

(1) За организирање на инспекциските контроли, Инспекторатот и Царинската Управа соработуваат меѓу себе.

(2) Царинската Управа е должна да:

1) го известува Инспекторатот на граничен премин за сите пратки од надлежност на Инспекторатот кои пристигнуваат на граничниот премин и овозможува сите потребни документи да му бидат достапни на инспекторот, а пратките ги ослободува само по завршувањето на проверки од кои се добиени задоволителни резултати и
2) не дозволи влез на пратките или нивно ракување во складови во слободни зони или слободни складови и царински складови, без претходно одобрение од страна на Инспекторатот.

(3) Ако се земени примероци, Инспектортот ја известува Царинската Управа и операторот овластен да ја увезува пратката и назначува дали предметите на инспекциски надзор при увоз може да бидат ослободени пред добивањето на резултатите од извршената анализа на примероците, под услов да се обезбеди следливост на пратката.

(4) Министерот ги пропишува мерките и постапките за спроведување од овој член, и тоа за:

1) постапките ставени под царинска контрола согласно прописите за царина или контролирана во слободните зони и складови;
2) видот и количината на предметите на инспекциски надзор при увоз кои ги пренесуваат патниците и екипажот на меѓународни превозни средства, доколку не е регулирано со друг пропис и
3) предметите на инспекциски надзор при извоз кон трети земји, а потекнуваат од Република Македонија, а кои се вратени од трета земја, документи кои мора да ги придружуваат пратките кога се земаат примероци.

**Член 39**

**Доделување на специфични задачи поврзани со инспекцискиот надзор**

(1) Инспекторатот може да доделi специфични задачи поврзани со инспекцискиот надзор на едно или повеќе контролни тела назначени во согласност со ставовите (2), (3) и (4) на овој член, според листа на задачи определена од Министерството.

(2) Министерот, на предлог на директорот може да додели специфични задачи на одредено контролно тело само ако:

1) постои точен опис на задачите кои може да ги врши контролното тело и се утврдени условите под кои тоа може да ги спроведува истите;
2) постои доказ дека контролното тело:
   а) е стручно, има опрема и инфраструктура која е потребна за спроведување на задачите кои му се доделени;
   б) има доволен број на соодветен квалификуван и искусен персонал; и
   в) е непристрасно и без конфликт на интереси во однос на вршење на задачите кои му се доделени;

3) контролното тело работи и е акредитирано во согласност со општите критериуми на Европските стандарди *EN 45004* за работа на разни типови на тела кои вршат инспекција и/или други стандарди кои се однесуваат на доделените задачи, доколку се поважни;

4) лабораториите работат во согласност со релевантните меѓународните ISO стандарди;

5) контролното тело ги проследува резултатите од извршените контроли на Инспекторатот редовно и на барање на Инспекторатот. Доколку резултатите од контролите укажуваат на неусогласеност или постои голема веројатност за неусогласеност, контролното тело треба веднаш да го информира Инспекторатот;

6) постои ефикасна и ефективна координација помеѓу Инспекторатот кој ги доделува задачите и контролното тело.

(3) Инспекторатот кога е неопходно, организира аудит или инспекции на контролните тела. Ако како резултат на аудитот или инспекција, се покаже дека таквите тела не успеале да ги спроведат правилно задачите кои им се доделени, Министерот на предлог на директоротот на Инспекторатот може да го повлече назначувањето без одлагање, доколку контролното тело не успее да превземе навремено соодветни и корективни мерки.

(4) Кога сака да назначи контролно тело за специфична контролна задача, Инспекторатот за тоа треба да го извести министерот. Во известувањето треба особено да се наведе:

1) задачата која се планира да се додели и
2) контролното тело кое треба да се назначи.

**Член 40**

**Влезени и извозни документи**

(1) Операторите при внес на производи од член 3 став (1) точка 2) од овој закон, треба да обезбедат од Инспекторатот соодветен влезен документ.

(2) Инспекторатот ги издава следните влезни документи за:

1) органски земјоделски производи и храна од органско потекло;
2) земјоделски производи и храна со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет;
3) земјоделски производи и производи кои се добиваат со нивна преработка;
4) земјоделски производи и производи добиени со нивна преработка произведени со генетски модифицирани организми;
5) репродуктивни животни и приплоден материјал согласно зоотехничките критериуми;
6) храна за животни;
7) семе, саден материјал, ѓубрива, производи за заштита на растенијата;
8) цвеќе, декоративни растенија хортикултурни и партерни елементи и нивни производи и
9) земјоделски машини

(3) Влезните документи од став (2) на овој член имаат статус на согласност.

(4) Министерот ги пропишува образците, содржината, начинот на издавањето на влезниот документ, пропратната документација која ја придружува пратката при увоз како и минималните карактеристики и својства кои треба да ги имаат предметите на инспекциски надзор при увоз.

(5) Рокот на важноста и време на одобрувањето на барањето на влезниот документ од став (2) на овој член ги пропишува министерот.

(6) Без влезен документ од став (2) на овој член, операторот не смее да пушти во малопродажба производи, полупроизводи, преработки и нивни составни компоненти кои се предмет на инспекциски надзор при увозот во Република Македонија.

(7) По поднесено писмено барање од оператор, инспекторатот е должен да издава извозни документи кои се неопходни на бизнис заедницата за извоз на предметите на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит согласно позитивните законски прописи во земјата во која се извезува производот, полупроизводот, преработката или некоја негова составна компонента.

(8) Државниот инспекторат за земјоделство издава и влезен, излезен, транзититен и рекспортен фитосертификат, согласно Законот за здравје на растенија.

(9) Трошоците за издавањето на документите од став (2), став (7) и став (8) од овој член се на товар на операторот. Висината на трошоците ги пропишува министерот и се во висина на стварно направените трошоци за издавањето на документи. Трошоците од став (2) и став (7) на овој член се уплакаат на приходна сметка на инспекторатот.

(9) Формата и содржината на документите од став (7) како и содржината на барањето од став (7) на овој член.

(10) Министерот ќе донесе подзаконски акт со кој ќе ги уреди неопходни контролни мерки за спречување на издавањето на лажни или недоследни сертификати и употреба на такви сертификати врз основа на прописите од областа на земјоделство и рурален развој, рибарство со аквакултира, фитосанитарна политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, доколку не е уредено со друг пропис.

**Член 41**

**Општи услови за инспекциски надзор при увоз**

(1) Инспекторатот може да побара од трети земји, кои имаат намера да извезуваат во Република Македонија, да обезбедат прецизни и ажурирани информации за општа организација и управување со системите, предметите на инспекциски надзор при увоз во Република Македонија.

(2) За да може да се изврши увоз во Република Македонија, земјата извозник треба да исполнува општи и посебни услови.

(3) Општите и посебните услови кои што треба да ги исполнат третите земји и примена на начелото на еквивалентност за увозот во Република Македонија и начинот на вршење на инспекциските контроли при увоз во Република Македонија ги пропишува министерот.

**Член 42**

**Помош во случај на неусогласеност**

(1) Ако при увоз на пратки во Република Македонија, за време на инспекциски надзор, инспекторатот утврди дека пратките не се во согласност со закон и прописите донесени врз основа на закон, и претставуваат ризик за здравјето на луѓето, животните и растенијата, или предизвикуваат сериозно прекршување на одредбите на закон и прописите донесени врз основа на закон, без одлагање остварува контакт со надлежниот орган од земјата на испраќање.

(2) Ако при извоз на пратки од Република Македонија, инспекторатот добие информација за нивна неусогласеност со одредбите на закон и прописите донесени врз основа на закон и претставуваат ризик за здравјето на растенијата луѓето или животните или предизвикуваат сериозно прекршување на закон, го испитува случајот, ги превземе сите неопходни мерки и го извести надлежниот орган од местото на дестинацијата за природата на испитувањата и

спроведената инспекциск контрола и донесените одлуки, како и за причините за донесување на таквите одлуки.

## Член 43
## Мониторинг

(1) Инспекторатот во рамките на својата надлежност го организира мониторингот, во областа на земјоделство, рибарство и аквакултура, земјишна политика и водите, фитосанитарна политика, квалитет и безбедност на земјоделски производи, вклучувајќи и безбедност на примарни земјоделски производи кои се користат како храна, согласно со методологијата за спроведување на мониторинг.

(2) Методологијата за спроведување на мониторингот по однос на начинот и постапката ја пропишува министерот на предлог на директорот.

(3) Мониторингот се спроведува преку мерења, следење, оцена и контрола на параметри на предметите на инспекциски надзор и предмети на инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит преку кои се утврдува исполнување на општите и посебните барања утврдени со позитивни прописи во Република Македонија.

(4) Податоците од мониторингот се јавни, освен ако со закон поинаку не е определено.

(5) Мониторингот се врши врз основа на пет годишна програма за мониторинг, годишна програма за мониторинг, која ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерот.

(6) Програмите од став (5) на овој член се изготвува согласно целите и приоритетите за контрола и се објавува во Службен весник на Република Македонија.

(7) Средствата за спроведување на програмата од ставот (1) на овој член обезбедуваат од Буџетот на Инспекторатот.

## Член 44
## Начела за подготовка на повеќегодишна програма за мониторинг

(1) Повеќегодишната програма за мониторинг содржи општи информации за структурата и организацијата на системот за контрола и инспекциски надзор, а особено:

1) стратешки цели на програмата како и одредувањето на приоритети за контрола и алокација на средства кои се рефлектираат на истите;
2) категоризација на ризикот за активностите;
3) средства потребни за извршување на програмата;
4) основната организација и управување со инспекцискиот надзор вклучувајќи ги и инспекциски надзор на индивидуални објекти;
5) систем на контрола применет во различни сектори и координацијата помеѓу различни служби на надлежните органи одговорни за инспекциски надзор во истите;
6) делегирање на задачите на контролни тела, кога тоа е можно;
7) методи за утврдување на усогласеноста со оперативните критериуми;
8) обука на лицата кои вршат инспекциски надзор;
9) документирање на постапките согласно закон;
10) организација и постапување според плановите за итни мерки, инциденти и други ризици по здравјето на луѓето, животните и растенијата;
11) организација, соработка и заедничко помагање со другите државни органи.

(2) Повеќегодишната програма за мониторинг може да се менува во текот на спроведувањето. Измените можат да бидат направени во поглед на:

1) ново законодавство;
2) појавата на заканувачки болести или штетници други ризици по здравјето на луѓето, животните и растенијата;
3) значајни промени во структурата, управувањето или работата на Инспекторатот;
4) резултатите од инспекциската контрола;
5) измена на насоките наведени во член 45 од овој закон;
6) научни откритија;
7) исходот на внатрешен или надворешен увид или инспекции.

**Член 45**

**Насоки на повеќегодишна програма за мониторинг**

(1) При изготвувањето на повеќегодишната програма треба да се има предвид следното:

1) промовирање на постојан, севкупен и интегриран пристап на инспекцискиот надзор, законодавството и опфаќање на сите области и сите фази од ланецот вклучувајки го и увозот;
2) идентификување на приоритети врз основа на ризикот и критериумите за категоризација на ризикот од превземените активности и најефективните контролни постапки;
3) идентификување на други приоритети за најефективни контролни постапки;
4) идентификување на фази на производство, преработка и дистрибуција;
5) промовирање на примена на најдобри пракси во сите нивоа на системот на контрола;
6) промовирање на развој на ефективни контроли на системот на следливост;
7) насочување на развојот на систем за евидентирање на извршените контроли и резултатите од нив;
8) упатување на примена на усвоените меѓународни стандарди и препораки во поглед на организацијата и работењето на јавните служби;
9) определување на критериуми за вршење на внатрешна и надворешна контрола;
10) определување на содржината на годишниот извештај и информациите кои треба да ги содржи во согласност со член 46 од овој закон;
11) да се наведеат главните индикатори врз основа на кои ќе се изврши проценката на повеќегодишната мониториг програма.

(2) Кога е потребно, насоките од став (1) на овој член можат да се изменат во зависност од анализите направени врз основа на извештаите подготвени во согласност со член 44 од овој закон.

**Член 46**

**Годишен извештај за мониторинг**

(1) Една година од почетокот на спроведувањето на мониторинг програмата, последователно и секоја следна година, Инспекторатот и доставува на Владата на Република Македонија извешатај најдоцна до крајот на месец април во наредната година, а извештајот содржи:

1) сите измени направени во мониторинг програмата;
2) резултатите од контролите и увидите спроведени во претходната година врз основа на одредбите од повеќегодишната програма;
3) видот и бројот на идентификувани случаи на неусогласеност;

4) активностите за обезбедување на ефективно делување на повеќегодишната програма, вклучувајќи ги спроведените активности и добиените резултати.

(2) Имајќи го во предвид исходот од контролите и други соодветни информации, Инспекторатот во рамките на извештајот од став (1) на овој член дава препорака до Владата на Република Македонија во однос на:

1) можностите за подобрување на системот на инспекциски надзор и увид, вклучувајќи ја целта, управувањето и спроведувањето;

2) посебните контроли кои се вршат во одделни сектори или активности, без оглед дали истите се опфатени со програмата;

3) координирани планови наменети за посебни цели.

(3) Мониторинг програмата се менува и дополнува врз основа на заклучоците и препораките содржани во извештајот од став (1) на овој член.

**Член 47**

**Методи на земање на примероци за вршење анализа**

(1) Методите на земање на примероци за вршење на анализи користени при инспекцискиот надзор треба да се во согласност со прописите кој ја регулираат областа на надзорот, или:

1) ако нема такви прописи, се постапува согласно одредбите од меѓународно признаени правила, процедури и протоколи, прифатени од Европскиот Комитет за Стандардизација - *(CEN)*; или
2) кога одредбата од точката 1) од овој став не е применлива, со други методи кои одговараат за наменетите цели или се развиени во согласност со научни протоколи и процедури; или
3) кога точките 1) и 2) од овој став не се применливи, валидација на методите за анализа може да се направи внатре во лабораторијата во согласност со меѓународно прифатен протокол или процедура.

(2) Во случај на итност, при поднесување на барање од страна на операторот за дополнително стручно мислење, Инспекторатот воспоставува соодветни постапки за земање на примероци и вршење анализи.

(3) Примероците мора да бидат земени, обележани и со нив да се постапува на таков начин со кој ќе се гарантираат нивните параметри.

(4) Резултатите од примероци од предметот на испекциски надзор и предметот на инспекциски надзор при увоз и извоз кои се доставуваат за анализа од овластена лабораторија до Инспекторатот, се издаваат во рок од пет работни дена од денот на доставување на примероците.

(5) Министерот на предлог на директорот поблиску ги пропишуваат методите за земање и обележување на примероци и за вршење на анализи, вклучувајки ги методите на потврда или референтните методи кои се користат во случај на оспорување (суперанализа), критериумите за изведување, параметрите за анализи, несигурноста на методот и постапки за потврдување на методите, начинот и постапката на доставување на резултатите и правилата за толкување на резултатите.

**Член 48**

**Трошоци и надоместоци**

(1) За покривање на трошоци за спроведување на инспекцискиот надзор се плаќа надоместок.

(2) Операторите плаќаат надоместок за:

1) сите активности при инспекциски надзор по барање на операторот за предметите на инспекцискиот надзор утврдени со закон;

2) сите активности и инспекциски контроли за производи кои се увезуваат, извезуваат или транзитираат во Република Македонија утврдени со закон,
3) издавање на влезни и извозни документи по барање на операторите.

(3) Висината на надоместоците од ставот (2) на овој член и начинот на наплата врз основа на реално потребните трошоци за нивно спроведување особено земајќи ги во предвид одредбите од став (5) на овој член го пропишува министерот на предлог на директорот.

(4) Средствата од надоместоците од ставот (2) на овој член се се приход на буџетот на Република Македонија и истите се уплаќаат на соодветна уплатна сметка.

(5) При одредувањето на надоместоците, министерот ги зема во предвид:
1) видот на бизнисот и постоечкиот фактори на ризик;
2) интересот на бизнисите со низок степен на производство;
3) традиционалните методи кои се користат за производство, преработка и дистрибуција.

(6) Кога инспекторот врши неколку инспекциски надзори во исто време во еден објект, сите се сметаат за една активност и се наплаќа единствен надомест.

(7) Надоместоците кои се однесуваат на контроли при увоз, утврдени во членовите 34 и 35, ги подмирува операторот или негов застапник кај инспекторот одговорен за контрола при увоз.

(8) Надоместоците нема да бидат директно или индиректно рефундирани, освен кога се надплатени.

(9) При вршењето на инспекцискиот надзор, доколку инспекторот има потреба од трошоци кои се неопходни за откривање на сторителите на прекршоци, како и за транспорт на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго, кои претставуваат предмет за сторен прекршок или кривично дело и истите се на товар на Инспекторатот.

(10) Кога при вршење на инспекциски надзор, инспекторот има неопходни дополнителни трошоци, истите се на товар на Министерството, а за истите инспекторот е потребно претходно да добие одобрение од директорот.

**Член 49**

**Трошоци кои произлегуваат од дополнителните инспекциски надзори**

(1) Кога Инспекторатот ќе утврди неусогласеност која произлегува од инспекцискиот надзор кој ги надминува вообичаените контролни активности утврдени со закон и прописите донесени врз основа на закон, трошоците настанати при нивното спроведување ќе ги сноси операторот односно операторот кој ги поседува или ги чува производите во времето кога се врши инспекцискиот надзор.

(2) Активностите на инспекторите кои се надвор од вообичаениот инспекциски надзор вклучуваат земање и анализа на примероци како и други контроли кои се потребни за да се провери големината на проблемот, да верификува дали се превземени корективни активности, или да открие и/или утврди неусогласеност.

(3) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член и начинот на наплата врз основа на реално потребните трошоци за нивно спроведување го пропишува министерот на предлог на директорот.

## Член 50
## Привремено одземање на предмети

(1) Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, привремено да одземе документи, стока и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка.

(2) Одземањето на предметите од ставот (1) на овој член трае до донесувањето на правосилна одлука во постапката.

(3)Инспекторот е должен привремено да одземе предмети, кога е пропишано нивното задолжително одземање, кога со нив е сторен прекршок или кривично дело или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици, во согласност со закон.

(4) Инспекторот е должен да му издаде потврда на субјектот на надзорот од кого привремено се одземаат предмети на инспекциски надзор.

(5) Потврдата од ставот (4) на овој член содржи податоци за името и презимето, односно називот на субјектот на надзорот, времето и местото на одземање на предметите и списите, правниот основ за одземање на предметите и списите, точно назначување на одземените предмети и списи по вид, количество, потпис од одговорното лице на субјектот на надзорот и други податоци потребни за идентификација на одземените предмети и списи и потпис, име и презиме на инспекторот.

(6) Формата, содржината и начинот на издавањето на потврдата од став (5) на овој член ја пропишува министерот на предлог на директорот.

## Член 51
## Обврска за предавање на одземените предмети на надлежните органи

(1) Привремено одземените предмети на инспекциски надзор, со соодветно барање за поведување на постапка, инспекторот ги предава на надлежниот судски, прекршочен или друг орган.

(2) Барањето за поведување на постапка од ставот (1) на овој член инспекторот го поднесува во рок од 48 часа од часот на привременото одземање.

(3) Надлежниот судски, прекршочен и друг орган е должен, во случаите од ставот (1) на овој член, да одлучи по итна постапка, односно е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на поднесувањето да ги земе во разгледување, барањата и пријавите на инспекторите.

## Член 52
## Обезбедување на услови за привремено одземање на предмети

(1) Надлежната инспекциска служба е должна да обезбеди услови за чување на привремено одземените предмети на инспекциски надзор до нивното предавање на органот надлежен за водење на соодветната постапка, доколку со закон поинаку не е утврдено.

## Член 53
## Привремена забрана за вршење на дејност

(1) Кога инспекцискиот орган ќе утврди неправилности од поголем обем или неправилности со кои се загрозува животот или здравјето на луѓето, животните и растенијата или на животната средина и во други случаи определени со закон, инспекторот привремено ќе

забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства, до отстранување на неправилностите.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член инспекторот ќе им наложи на правните лица кои вршат јавни услуги (снабдување со вода, електрична енергија и слично) да прекинат со испораката, односно со давањето соодветни услуги на субјектот на надзорот неопходни за извршување на неговата дејност.

(3) Правното лице од ставот (2) на овој член е должно да постапи по наредбата на инспекторот.

**Член 54**

**Барање поддршка**

(1) По добивањето на основано барање, од страна на надлежни органи од други земји, инспекторот ќе ги обезбеди сите потребни информации и документи за барателот и ќе му овозможи да ја верификува усогласеноста со закон во рамките на неговите надлежности. За таа цел, инспекторот ќе се подготви за спроведување на административни испитувања неопходни за прибирање на овие информации и документи.

(2) Информациите и документите обезбедени согласно став (1) од овој член, се праќаат без одлагање. Документите можат да бидат пратени како оргинали или копии.

(3) Со договор помеѓу барателот и инспекторот, барателот ќе назначи персонал кој може да биде присутен при административните испитувања. Ваквите испитувања секогаш ќе бидат извршени од страна на персоналот на надлежниот орган. Персоналот на барателот не смее, на сопствена иницијатива, да врши испитувања кои се во рамките на овластувањата на надлежниот орган на државата. Барателот ќе има пристап до истите документи и простории како надлежниот орган, при нивното посредување, со единствена причина да се изврши административното испитување.

(4) Кога персоналот на барателот е присутен во државата обврзан е да во секое време го докаже сопствениот идентитет и неговите овластувања.

**Член 55**

**Помош без барање**

(1) Кога инспекторатот ќе утврди неусогласеност и кога истата може да има импликации за друга земја, тој ќе ги пренесе наодите на надлежниот орган од соодветната земјата без претходно барање и без одлагање.

(2) Кога инспекторатот ќе добие информација од друга земја за несогласување, кое може да има импликации за Република Македонија, тој го разгледува проблемот и ја информира другата земја која ја пратила информацијата за резултатите од испитувањето и за преземените мерки.

## VII. ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ, ПОСРЕДУВАЊЕ И МЕДИЈАЦИЈА

**Член 56**

**Постапки**

(1) Во случај кога е утврдено дека е сторен прекршок, инспекторот ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување, а за одделни прекршоци предвидени со закон, постапка за посредување или мандатна постапка.

(2) Доколку прекршителот не постапи по одредбите од ставот (1) на овој член инспекторот

поведува прекршочна постапка, во рок и постапка, определена со закон.

**Член 57**

**Прекршочна комисија**

(1) Министерот, на предлог на директорот, може да формира прекршочна комисија која ќе биде надлежна за водење на прекршочна постапка.

(2) Прекршочната комисија (во натамошниот текст: Комисијата) е составена од три члена и нивни заменици од кои:

1) еден дипломиран правник со пет години работно искуство во струката, со положен правосуден испит од редовите на вработените во Инспекторатот и

2) двајца дипломирани земјоделски инженери, со три години работно искуство во струката од редовите на вработените во стручната служба во Инспекторатот.

(3) Мандатот на членовите на Комисијата за одлучување за прекршоци трае три години, со право на реизбор на членовите.

(4) Комисијата донесува деловник за својата работа, на првата седница.

(5) Против решенијата на Комисијата, со која се изрекува прекршочна санкција, согласно со одредбите од овој закон, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

**Член 58**

**Овластувања на членови на комисија**

(1) Комисијата има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците или со друг закон.

(2) Членовите на Комисијата се самостојни и независни во работата на Комисијата и одлучуваат самостојно и по слободна оцена на доказите во рамките на овластувањата утврдени со закон.

(3) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупен број членови.

(4) Комисијата води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот, во согласност со министерот за правда.

(5) Со актот од ставот (4) на овој член се пропишува и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

(6) Глобата која ја плаќа сторителот на прекршокот, согласно со Законот за прекршоците, го уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорска сметка и истиот е приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 59**

**Разрешување на претседател и член на комисија**

(1) Претседател и член на Комисија може да се разреши:

1) Доколку настане измена по сила на закон;
2) со истекот на рокот со кој е именуван за член;
3) по негово барање;
4) со исполнување на услови за пензија согласно со закон;
5) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело;
6) ако се утврди трајна неспособност за работа;

7) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука и

8) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Комисијата.

(2) Предлог за разрешување на претседател и член на Комисијата за случаите од ставот (1) точка 4) и 8) на овој член поднесува директорот до министерот.

**Член 60**

**Постапка за порамнување**

(1) За сторен прекршок инспекторот води постапка за порамнување и составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото, начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на местото на прекршокот.

(2) Во записникот може да се утврди начинот на кој ќе се отстранат последиците од прекршокот, како и начинот за надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(3) Инспекторот во постапката за порамнување му дава платен налог на сторителот на прекршокот.

(4) Доколку сторителот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише и примањето на истиот се забележува во записникот.

(5) Кога сторител на прекршокот е правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службеното, односно одговорното лице во правното лице кое се затекнало на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое е овластено да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(6) Изјавата од ставот (5) на овој член се забележува во записникот.

(7) Инспекторот води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

**Член 61**

**Платен налог**

(1) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако инспекторот, прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, инспекторот веднаш ќе издаде платен налог.

(2) Ако сторителот не го признае делото од став (1) на овој член и истиот одбие да го потпише платниот налог, инспекторот е должен да го констатира во записникот.

(3) Платниот налог за прекршокот содржи: лично име и презиме, адреса, единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патна исправа и држава, податоци за вработување на сторителот, за правното лице назив и седиште и даночен број, место и време за сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износ на глобата, број на сметка за плаќање и правна поука, а може и други податоци во согласност со прописите.

(4) Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.

(5) Сторителот е должен да ја плати глобата утврдена согласно со овој член во рок од осум дена, истата е приход на Буџетот на Република Македонија и се уплаќа на соодветна уплатна сметка.

(6) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во ставот (4) од овој член ќе плати само половина од изречената глоба. Поука за тоа право е дел од правната поука на платниот налог.

(7) Во постапката која ќе се заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на

постапка.

(8) Сторителот кој со заминување заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата е должен веднаш да ја плати глобата. За платената глоба се издава потврда.

(9) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член инспекторот ќе поднесе барање на поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.

(10) Формата и содржината на образецот на платниот налог ја пропишува министерот.

**Член 62**

**Мандатна постапка**

(1) Кога инспекторот ќе утврди дека е сторен прекршок, на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

(2) Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од ставот (1) на овој член, инспекторот пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган ќе изврши порамнување.

(3) Формата и содржината на образецот на поканата ја пропишува министерот.

**Член 63**

**Посредување**

(1) За одделни прекршоци, кога тоа е определено со закон, инспекторот кој е надлежен за поведување на постапка ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка на посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците на прекршокот.

(2) Постапката за посредување ја води комисија за посредување формирана од министерот на предлог на директорот.

(3) Комисијата за посредување е составена од три члена и нивни заменици од кои еден член ја врши функцијата претседател. Членовите на Комисијата за посредување се избираат од редот на државните службеници вработени во стручната служба во Инспекторатот од кои еден е дипломиран правник и положен правосуден испит. Мандатот на членовите на Комисијата за посредување е три години, со право на реизбор на членовите. Претседател на Комисијата за посредување треба да биде лице со завршен правен факултет и положен правосуден испит.

(4) Комисијата за посредување работи на седница на која задолжително присуствуваат сторителот на прекршокот и инспекторот.

(5) За постигната согласност во постапката за посредување се составува спогодба во која се констатира согласноста од двете страни.

(6) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, и тоа:

1) висина и начин на плаќање на глоба,
2) висина и начин на плаќањето на другите давачки и трошоци и
3) мерки кои треба да ги преземе сторителот, со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

(7) Во случаите во кои е постигната согласност за посредување глобата на сторителот може да биде намалена најмалку за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот определена со закон.

(8) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

(9) Постапката за посредување е итна.

(10) Спогодбата од ставот (5) на овој член има сила на извршна исправа.

(11) Ако постапката на посредување не успее, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочниот орган, во кое на сторителот на прекршокот ќе му се наведат трошоците за посредувањето.

(12) Трошоците за посредувањето од став (11) од овој член се во висина на стварно направените трошоци и истите ги пропишува министерот на предлог на директорот.

**Член 64**
**Медијација**

(1) За одделни прекршоците кога тоа е определено со закон инспекторот како и сторителите на прекршок можат да се согласат за започнување на постапка на медијација пред да поднесат барање за покренување на прекршочна постапка.
(2) Постапката за медијација се спроведува согласно со Законот за медијација.

**Член 65**
**Постапка за едукација**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека по прв пат е сторена неправилност од член 69 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 15 дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Инспекторатот во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот на Инспекторатот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот на Инспекторатот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(9) Инспекторатот води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

**Член 66**

**Квартален извештај**

Инспекторатот за извршениот надзор изготвува квартални извештаи и ги објавува на web страната на Министерството или на web страната на Инспекторатот на унифициран квартален преглед.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) субјектот на надзорот го одстранува жигот и лентата без овластување спротивно на член 21 став (14) од овој закон;
2) субјектот на надзорот го доведе потрошувачот во заблуда, злоупотреба и измама во врска со предметите на инспекциски надзор и предметите за инспекциски надзор при увоз, извоз и транзит, постапи спротивно на член 36 став (3).
3) Лабораторијата не ги достави навремено резултатите од примероците од предметот на испекциски надзор и предметот на инспекциски надзор при увоз, извоз и тразит и постапи спротивно на член 47 став (4)

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот 1 на овој член, освен глоба на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеца до една година.

(4) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка, одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго што се употребени за извршување на прекршокот, како и конфискација на имот и имотна корист прибавени со прекршокот.

(5) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице за сторен прекршок од членот 67 на овој закон.

(6) Покрај глобата од ставот (1) на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго што се употребени за извршување на прекршокот, како и конфискација на имот и имотна корист прибавени со прекршокот.

**Член 68**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) лице кое не е субјект на надзор не дозволува инспекциска проверка, спротивно на член 20 став (3) на овој закон;
2) субјектот на надзорот не ги отстранува неправилностите утврдени со решението во определен рок, спротивно на член 41 став (9) од овој закон;
3) не го почитува решението со кое се изрекува забрана на вршење на дејност, спротивно на член 41 став (12) од овој закон;
4) субјектот на надзорот не овозможува пломбирање на објектот, опремата или просторијата, спротивно на член 41 став (16) од овој закон;

5) субјектот на надзорот не го запира возилото, спротивно на член 41 став (18) од овој закон;

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член, освен глоба на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеца до една година.

(4) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка, одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго што се употребени за извршување на прекршокот, како и конфискација на имот и имотна корист прибавени со прекршокот.

(5) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице за сторен прекршок од членот 68 на овој закон.

(6) Покрај глобата од ставот (1) на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго што се употребени за извршување на прекршокот, како и конфискација на имот и имотна корист прибавени со прекршокот.

**Член 69**

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не истакнат на видно место на влезната врата во простоиите во кој се обавува малопродажбата како и на влезните врати од зелените пазари телефонскиот број и официјалната електронската адреса на Државниот инспекторат за земјоделство, спротивно на член 12 став (2)
2) писмено не го известува инспекторот за отстранетите неправилности наредени со решение, спротивно на член 21 став (11) од овој закон;
3) не изготвува извештај за испитување на примероците и по завршување на испитувањето, не го достави извештајот до инспекторот во рок од пет дена, спротивно на членот 47 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице за сторен прекршок од членот 69 на овој закон.

**Член 70**

**Прекршочна постапка**

(1) Прекршочната постапка за прекршоците од членовите 67 и 68 ја води надлежен суд, а прекршоците од членот 69 на овој закон, ја води прекршочна комисија.

(2) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците од овој закон, инспекторот спроведува постапка на порамнување.

**Член 71**

**Должност за известување за резултатите од постапката**

Органот до кој е поднесена кривична пријава, барање за поведување на прекршочна постапка или барање за поведување на друга соодветна постапка е должен за резултатите од постапката да ја извести надлежната инспекциска служба

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 72
### Примена на Законот за започнати постапки

(1) Инспекциските постапки започнати пред денот на започнувањето со примената на овој закон, ќе се завршат според прописите кои важеле пред денот на започнувањето со примената на овој закон.

### Член 73
### Подзаконски акти

(1) Поблиските прописи, предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на поблиските прописите од ставот (1) на овој член, продолжуваат да се применуваат прописите кои биле донесени врз основа на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/09)

### Член 74
### Престанување на важење

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (“Службен весник на Република Македонија“ број 20/09).

### Член 75
### Влегување во сила

(1) Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.